**НАЦРТ**

Врз основа на член 9-б став 2 од Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија", бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14), член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во согласност со одредбите од Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор, бр.02-1581/1 од 06.12.2010 година ("Службен весник на Република Македонија", бр.158/10), Мислењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци, бр.03-4525/1 од 15.09.2014 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-5139/3 од 28.10.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 15-та седница одржана на ден 28.10.2014 година донесе

# НАЦРТ - ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР
# НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## I. *Општи одредби*

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на вршењето на видео надзор во службените простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенција), во својство на контролор, техничките и организациските мерки кои Агенцијата ги применува за обезбедување тајност и заштита на личните податоци преку вршењето видео надзор, рокот и начинот на чување на записите од видео надзорот и начинот на бришење на видео записите, како и начинот на правење на сигурносна копија и правата и обврските на овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење на видео надзор.

## II. *Цели на видео надзорот*

### Член 2

Преку системот за видео надзор во Агенцијата се обезбедува заштита на сопственоста на Агенцијата, заштита на животот и здравјето на директорот и заменикот на директорот на Агенцијата, на членовите на Советот на Агенцијата, на вработените во стручната служба на Агенцијата, на странките и на другите посетители во Агенцијата, како и се обезбедува контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории на Агенцијата.

Потребата од вршење видео надзор во просториите на Агенцијата подетално е разработена во Анализата дадена во прилог на овој Правилник (Прилог бр.1), која е негов составен дел.

## III. *Опис на системот за вршење видео надзор*

### Член 3

Видео надзорот во Агенцијата се врши преку 8 (осум) видео камери, од кои 4 (четири) се поставени на надворешните ѕидови, а 4 (четири) во внатрешноста на објектот.

Надворешно инсталираните камери ги снимаат само пристапните влезови кои се користат од Агенцијата и служат за контрола на влез – излез, како и надворешните прозорци.

Внатрешно инсталираните камери, се поставени од внатрешната страна на главниот и споредниот влез (врати), пристапот до просторијата со сервери, сала за состаноци и пристапот (скалите) до работните простории на директорот, заменикот на директорот и раководителот на стручната служба на Агенцијата.

Сите 8 (осум) камери кои се инсталирани во Агенцијата, видео записите кои тие ги детектираат се пренесуваат по жична инсталација до централната единица која е сместена во посебна просторија до која има пристап само администраторот на системот/одговорно лице за видео надзор кое редовно го контролира работењето на целокупниот систем на видео надзорот. Резервен клуч од просторијата во која е сместен системот за видео надзор, се чува во запечатен плик во сефот во канцеларијата на директорот на Агенцијата.

Целиот систем за видео надзор е независен од надворешни мрежи на конекции/пристапи и тој има дополнително напојување (УПС) од централната електрична мрежа.

## IV. *Периодична оценка*

**Член 4**

Агенцијата врши периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење на видео надзор на секои 2 (две) години.

Периодичната контрола од став 1 на овој член се однесува особено за:

- понатамошна потреба од користењето на системот за вршење на видео надзор;
- целта, односно целите за вршење на видео надзор;
- можни технички решенија за замена на системот за вршење на видео надзор;
- статистички показатели за пристапот до снимките направени од видео надзорот и
- начинот на искористување на снимките.

За извршената периодична оценка од став 1 на овој член во Агенцијата се изработува извештај, кој е составен дел на документацијата за воспоставување на системот на вршење на видео надзор во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## V. *Категории на лични податоци кои се обработуваат*

**Член 5**

Преку системот за видео надзор во Агенцијата се обработуваат следните категории на лични податоци:

- физички и физиолошки изглед на директорот и заменик директорот на Агенцијата, членовите на Советот на Агенцијата и на вработените во стручната служба на Агенцијата, и
- физички и физиолошки изглед на странките и другите посетители кои влегуваат и излегуваат од службените простории на Агенцијата.

## VI. *Технички мерки*

**Член 6**

Агенцијата ги обезбедува следните технички мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор и тоа:

1. единствено корисничко име;
2. лозинка креирана од секое овластено лице, составена од комбинација на најмалку 8 (осум) алфанумерички карактери (од кои минимум една голема буква) и специјални знаци;
3. автоматизирано одјавување од системот за видео надзор после изминување на определен период на неактивност (не подолго од 15 минути) и за повторно активирање на системот потребно е одново внесување на корисничко име и лозинката;
4. автоматизирано отфрлање од системот за видео надзор после три неуспешни обиди за најавување (внесување на погрешно корисничко име или лозинка) и автоматизирано известување на овластеното лице дека треба да се побара инструкција од администраторот на системот за видео надзор;

5. приклучување на системот за видео надзор на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување;

6. лозинките треба автоматски да се менуваат по изминат временски период што не може да биде подолг од три месеци.

## VII. *Организациски мерки*

### Член 7

Агенцијата ги обезбедува следните организациски мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за видео надзорот и тоа:

1. ограничен пристап и идентификација за пристап до системот за видео надзор, така што само администраторот на системот и писмено овластени лица од страна на директорот на Агенцијата може да имаат пристап до системот за видео надзор;
2. секое овластено лице има ограничен пристап до системот за видео надзор во однос симнување, гледање и снимање на видео записите освен администраторот на системот;
3. автоматско уништување на видео записите по истекот на законскиот рок за нивно чување и почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опрема за вршење на видео надзор,
4. мерки за физичка сигурност на работните простории и на информациско-комуникациската опрема на која се обработуваат личните податоци преку системот за видео надзор, и
5. почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опрема за вршење на видео надзор.

Организационата единица на Агенцијата кој ги врши работите за човечки ресурси го известува администраторот на системот за видео надзор, за потребата од вработување или ангажирање на секое овластено лице со право на пристап до системот за вршење на видео надзор во Агенцијата, за да му биде доделено корисничко име и лозинка, како и за престанок на вработувањето или ангажирањето за да му бидат избришани корисничкото име и лозинката, односно заклучени за натамошен пристап.

Известувањето од став 2 на овој член се врши и при било кои други промени во работниот статус или статусот на ангажирањето на овластено лице што има влијание врз нивото на дозволениот пристап до системот за видео надзор, по писмен пат, преку архивата на Агенцијата.

## *VIII. Евидентирање на пристапот до системот за видео надзор*

### Член 8

Агенцијата води евиденција за пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор во Агенцијата. Контролата на евиденцијата ја врши администраторот на системот и ја доставува до директорот на Агенцијата по писмено барање.

Евиденцијата од став 1 на овој член ги содржи следните податоци:

- име и презиме на овластеното лице кое пристапува до системот;
- датум и време на пристапување до системот за видео надзор;
- видео запис до кој се пристапува;
- причина за пристапување до системот за видео надзор;
- назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимка од видео надзорот и на кој медиум е издадена;
- име презиме и потпис на лицето кое го одобрило увидот и/или издавањето на видео записот.

Евиденцијата е дадена во прилог на овој Правилник (Прилог бр.2), и е негов составен дел.

## IX. *Овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење видео надзор*

**Член 9**

Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор во Агенцијата има администраторот на системот/одговорно лице за видео надзор, кое е лице од редот на вработените во стручната служба на Агенцијата, кое со посебен акт или систематизација на работни места е овластено од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да го контролира и одржува системот за видео надзор и да има пристап во архивата на снимениот материјал согласно законските одредби.

Со посебен детално образложен акт, Агенцијата може да овласти и друго лице за пристап во архивата на снимениот материјал во системот за видео надзор.

Овластените лица од ставовите 1 и 2 на овој член, пред нивното отпочнување со работа или пред пристапот до системот за видео надзор на Агенцијата, своерачно потпишуваат изјава за тајност и заштита на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор.

Образецот на изјавата од став 1 на овој член е дадена во прилог на овој Правилник (Прилог бр.3), и е негов составен дел.

## X. *Рок на чување на снимките, прегледување на снимен материјал*

**Член 10**

Снимките направени од видео надзорот се чуваат на хард дискот на персонален компјутер кој е дел од системот за видео надзорот, во посебна просторија каде што пристап имаат само администраторот на системот/одговорното лице за видео надзор или друго овластено лице во смисла на член 9 став 2 на овој Правилник.

Снимките од став 1 на овој член се чуваат 30 (триесет) дена, по истекот на кој рок автоматски се бришат од хард дискот на кој се чуваат.

Снимките од видео надзорот во Агенцијата може да се чуваат и во подолг временски период од периодот од став 2 на овој член, само ако е тоа потребно согласно закон, но не подолго од исполнувањето на целите.

**Член 11**

Прегледување на снимениот материјал (записи) во централната компјутерска единица (компјутер) за видео надзор и увид во архивата на системот за видео надзор може да се врши само во согласност со целите утврдени во член 2 од овој Правилник и врз основа на писмено одобрение од директорот на Агенцијата кое е своерачно потпишано и заверено во архива. Во отсуство на директорот на Агенцијата писмено одобрение може да даде и заменикот на директорот на Агенцијата кое е своерачно потпишано и заверено во архива.

Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и други надлежни истражни и судски органи со поднесување на писмено барање до Агенцијата можат да имаат на увид снимен материјал од системот за видео надзор.

Во барањето од став 2 од овој член задолжително се наведува, причината и законскиот основ заради која се бара прегледување и/или издавање на снимен материјал како и времето за кое се бара видео запис.

## XI. *Известување за вршење видео надзор*

**Член 12**

На видливи места, на главниот влез и на споредниот влез на објектот во кој се наоѓаат службените простории на Агенцијата, се истакнува известување за вршење видео надзор, во кое се содржани информациите: дека се врши видео надзор од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за начинот (телефонскиот контакт) на кој може да се добијат информации за тоа, каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.

Агенцијата задожително, со известување кое е јасно и видливо истакнато, ги известува и вработените во Агенцијата дека се врши видео надзор во службените простории од страна на Агенцијата, како и за начинот (телефонскиот контакт) на кој може да се добијат информации за видео надзорот.

Образецот на известувањето од став 1 од овој член е даден во прилог на овој Правилник (Прилог бр.4), и е негов составен дел.

## XII. ***Технички спецификации на опремата за видео надзор***

**Член 13**

За вршење на видео надзор во службените простории на Агенцијата, се користат 8 (осум) камери, 1/3' ccd - 3,5/8 мм IP со резолуција од 640 * 480 со среден квалитет на видео запис, кои вршат запис само во случај на детекција на движење без можност за зумирање и нема можност за снимање во темни простории, кабел за напојување 2* 1,5, дата кабел РГ 59 / БУ, модули за напојување 1,75 Амр, систем за дополнително напојување UPS 250 Амр, монитор, влезни инструменти и систем за режење на видео записи на cd/dvd - видео рекордер.

## ***XIII. План за поставеноста на системот за видео надзорот***

**Член 14**

Графичкиот приказ за поставеноста на системот за видео надзор во Агенцијата, просторот каде се врши видео надзорот, аголот на покриеност на просторот опфатен со видео надзорот, како и карта со локацијата на местото каде што се поставени камерите, се содржани во Планот кој е даден во прилог на овој Правилник (Прилог бр.4), и е негов составен дел.

## ***XIV. Преодни и завршни одредби***

**Член 15**

При обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор соодветно се применуваат и другите одредби од Правилникот за техничките и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија” бр.38/09 и 158/10).

**Член 16**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Павилникот за начинот на вршење на видео надзор во Советот за радиодифузија на Република Македонија, бр.01-4185/1 од 01.08.2012 година.

**Член 17**

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Бр.____________**

**Претседател на Советот,**

**_____.___.2014 година**

**С к о п ј е**

**______________________**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Прилог бр. 1**

**Анализа**

**на потребата за вршење на видео надзор во службените простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Потребата за воспоставување на систем за видео надзор во деловните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се наметнува поради следните причини:

- Заради вршење на работите во рамките на своите законски надлежности Агенцијата располага со техничка опрема која е со исклучително висока парична вредност. Така, во деловните простории на Агенцијата се наоѓа систем-сала во која се наоѓаат 20 (дваесет) сервери на кои се чуваат базите за: сите радиодифузери (РА и ТВ) во Република Македонија; за мониторингот кој Агенцијата го врши на програмските сервиси на радиодифузерите (РА и ТВ) во Република Македонија; за операторите на јавна електронска комуникациска мрежа; за чување на аудио-визуелни материјали; за евиденција за присуства-отсуства на вработените во Агенцијата; за човечки ресурси во Агенцијата, за плата на вработените во Агенцијата и сл.

  Агенцијата поседува преку 50 (педесет) персонални компјутери, над 30 (триесет) подвижни компјутери (лаптопи), голем број радио и телевиски приемници, ресивери, како и останата техничка опрема.

  Во просториите на Агенцијата постои и инвентар - мебел, останати предмети и средства за работа, кои се исто така од значење за непречено одвивање на работата на Агенцијата;

  Сите овие предмети постои опасност да бидат предмет на кражби и оштетувања, извршени од страна на трети лица.

- Имајќи ја предвид спецификата на дејноста на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (одржување седници на Советот со присуство на медиуми и останати заинтересирани лица, одржување состаноци, работилници, обуки и сл.), во просториите на Агенцијата има голема фреквенција на странки, нивно движење по ходниците во просториите, поради што е потребно преку воспоставување на систем на видео надозор да се врши обезбедување на влезот/ излезот, пристапните ходници до службените простории и надворешниот простор;

- Видео надзорот е потребен и заради заштита на животот и здравјето на: директорот на Агенцијата, заменикот на директорот на Агенцијата, 7 (седумте) членови на Советот на Агенцијата кои се избрани и именувани лица од Собранието на Република Македонија, како и над 40 (четириесет) лица вработени во Стручната служба на Агенцијата. Заштитата е со цел исклучување на можноста за недозволен влез на надворешно лице во просториите на Агенцијата, кое би можело да стори физичка повреда или пак да им нанесе материјална штета на истите, заштита во случај на спор за настанување на повреда на работно место и сл.

Сумарно на сето погоре наведено, со воспоставување на системот за видео надзор во Агенцијата се овозможува превенција на сопственоста на Агенцијата од кражби и оштетувања, заштита на животот и здравјето на вработените и посетителите во Агенцијата, како и обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од просториите на Агенцијата во времетраење и по престанок на работно време во Агенцијата. Системот за видео надзор може да помогне при расветлување - утврдување на идентитетот на сторители на евентуални кражби и други незаконити дејствија во просториите на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Прилог бр. 2**

| ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРИСТАП ДО СИСТЕМОТ ЗА ВИДЕО НАДЗОР | | | | |
|---|---|---|---|---|
| име и презиме на овластено лице кое пристапува до системот | датум и време на пристапување до системот за видео надзор | видео запис до која се пристапува | назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимка од видео надзорот и на кој медиум е издадена | име презиме и потпис на лицето кое го одобрило увидот и/или издавањето на видео записот |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Контролирал, ___________________________

Скопје, датум, ____/____/__________година

**Прилог бр.3**
Образец

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија”, бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14), на ден__________.20__ година ја давам следната

**И З Ј А В А**
**за тајност и заштита на обработката на личните податоци**
**преку системот за вршење на видео надзор во**
**Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Јас долупотпишаниот/ната, ______________________________________________________,
*(Име и презиме)*
вработен во Секторот/Одделението ______________________________________________,

на работно место_______________________________________________________________
*(наведување на работното место)*

во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно со Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија”, бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14), Правилникот за начинот на вршење на видео надзор nа Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и документацијата за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Агенцијата, се обврзувам дека:

- ќе ги применувам начелата за заштита на личните податоци при вршењето на видео надзорот во Агенцијата;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор со кој се оневозможува неовластен и неевидентиран пристап и увид до снимките од системот за видео надзор во Агенцијата;
- ќе вршам обработка на личните податоци согласно законските упатства добиени од Агенцијата;
- на трети лица надвор од контролорот и на други лица од контролорот нема да издавам било каков личен податок од снимките на видео надзорот или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознам при вршењето на видео надзорот во Агенцијата, освен ако со закон поинаку не е предвидено.

Потпис на давателот на изјавата,

______________________________

**Прилог бр. 4**

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ ВИДЕО НАДЗОР**
**во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**




**Прилог бр. 5**

## План за поставеност на системот - камерите за видео надзор во АААВМУ

Легенда:




Вкупно се поставени 8 (осум камери) за видео надзор.